Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

04-1624/14 26-07-2023

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), Државниот секретар во Министерството за локална самоуправа, донесе

## ОДЛУКА
**За невршење избор на кандидат по интерен оглас број 03/2023 за унапредување во Министерството за локална самоуправа**

**1**. За извршител на работното место **Раководител на сектор за кабинетски работи ,** со звање Раководител и шифра на работно место УПР 01 01 Б02 000, **не се врши избор.**

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страната на Министерството за локална самоуправа.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на добиеното Известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски број 18-7349/2 од 20.06.2023 година, државниот секретар упати барање со архивски број 04-1624/1 од 03.07.2023 година, за објавување на интерен оглас за унапредување на два административни службеници во Министерството за локална самоуправа. Одделението за управување со човечки ресурси, објави интерен оглас број 03/2023 година за унапредување на 2 (два) административни службеници во Министерството за локална самоуправа, објавен на ден 11.07.2023 година и на веб страниците на Министерството за локална самоуправа и Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници од точка 1 на оваа одлука, Комисијата за унапредување на административни службеници, формирани од страна на државниот секретар со Решение бр. 04-1624/10 од 25.07.2023 година, спроведе административна селекција и одржаа интервју со уредните кандидати кои што ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за локална самоуправа.

Врз основа на записникот од административна селекција бр. 04-1624/11 од 26.07.2023 година, на ден 26.07.2023 во 09:30 часот во просториите на Агенција за Администрација за работното место УПР 01 01 Б02 000 - Раководител на сектор за кабинетски работи не се врши избор поради техничка грешка во Интерниот оглас во делот на бараниот Вид на образование.

Врз основа на горенаведеното, државниот секретар во Министерството за локална самоуправа донесе одлука како во диспозитивиот на оваа одлука.


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука каднидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата на Министерството.

Државен Секретар
Кирил Парталов

Доставено до:
- Кандидатите;
-Одделение за управување со човечки ресурси
- архива


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk